Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 08.03.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1306 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 15, 22, 29 јануари, 5, 12 и 19 февруари 2016 година (изданија на емисијата „Миленко Неделковски шоу“ емитувани на овие датуми)

4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 март 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (посебна забрана за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со анализата се опфатени изданијата на емисијата „Миленко Неделковски шоу“ емитувани на 15, 22, 29 јануари, 5, 12 и 19 февруари 2016 година. **Пред почетокот на секоја од анализираните емисии, на телопи се емитува следнава содржина**:

Канал 5 ТВ: „Емисијата „Миленко Неделковски шоу“ е надворешен проект на авторот Миленко Неделковски. Ставовите изразени во оваа емисија не се официјални ставови на Канал 5 Телевизија.“ (Информацијата од телопот истовремено е и прочитана, н.з.)

Томато продукција: „Томато продукција се оградува од содржината, ставовите и мислењата во емисијата „Миленко Неделковски шоу“.(Оваа информација оди само на телоп, н.з.)

- **Во емисијата „Миленко Неделковски шоу“ емитувана на 15 јануари 2016 година**, авторот и водител на емисијата Миленко Неделковски, во воведниот дел во кој, како што вели самиот „боцка слики“, односно „забоцкува луѓе“, вели (23:43:00 – 23:44:56):

„... И за сето тоа да го изведат го ставаат овој лик кој се вика Љупчо Николовски од Крива Паланка. Нему ќе му ставам розево вакво (фотографија на Љупчо Николовски закачува со розова игличка, н.з.) затоа што во Крива Паланка тврдат дека се работи за хомосексуалец. Тоа на македонски се вика педер и, кога ова го тврдел Инфомакс, Мики Вујиќ се јавил во Инфомакс и рекол: „Извините се инаку ќе ве тужам за навреда."

Мики Вујиќ инаку познат како Мики максимум, затоа што ако те брани тој, а затворската казна е максимум 10 години, он ако те брани ти добиваш 12. Затоа го викаат Мики Максимум.

Нема потреба Мики мене да ми се јавува и воопшто за ова што сум, имам сознанија од Крива Паланка дека се работи за хомосексуалец, од причина што тоа не е ништо срамно. Европските вредности кои ги гледаме, кои ги промовираат, се дека еднополовите бракови се нормални, посвојувањето на деца од еднополови двојки се исто така нормални. Последните два, а, како се вика, амбасадори на Европската Унија во Македонија се со таков промискуитет, за нас овдека чуден, меѓутоа тоа е нивен избор. Еве има паноа низ, низ градот кајшто кажува: „И хомофобите се луѓе." Има цели вакви (опишува со раката изглед на билборд, н.з.) и јас би... немам пари да закупам меѓутоа би нарекол: „И хомосексуалците се болни луѓе". Меѓутоа тоа е... и сметам дека треба да има медицинска нега. Меѓутоа тоа е веќе друга дискусија. Во секој случај значи, Мики Вујиќ нема потреба да ми се јавуе, нема потреба од тужби, ако сакаат нека тужат, бидејќи следејќи ги европските вредности Љупчо Николовски треба да е горд што е хомосексуалец, оти ете напред... понапред е од сите нас."

- **Во изданието на емисијата од 22 јануари 2016 година**, повторно во воведниот дел од емисијата, Миленко Неделковски вели (23:25:34-23:26:53):

„... Она што јас разбрав, преку еден наш заеднички пријател, е дека Мики Вујиќ се заканил дека ќе ме тужи, односно ќе поднесе тужба во името на Љупчо Николовски, овој, привремениот заменик министер од Крива Паланка, затоа што сум го навредил во емисијата. Јас мислев дека не го навредив, јас баш се израдував што, ете, човекот е хомосексуалец, така кажуваат барем од Крива Паланка, а тоа е добро, нашите евро-атлански интеграции подразбираат што помалку хомофобии, а што повеќе хомосексуалци, па така ќе ни е полесен патот. Па, еве он го тој пат пробива. Инаку мислам дека не лажам, барем луѓето ме убедуваат дека не лажам, меѓутоа ако тужат јас ќе се појавам на суд и прво ќе барам експертиза, односно вештачење на (зборот е покриен со високофреквентен звучен сигнал, н.з.) на Љупчо Николовски, за да утврдиме, ако сум грешка, ќе се извинам, ќе си платам, ако не сум грешка целата македонска јавност ќе биде известена за тоа каква му е ситуацијата со задникот, тоа е вака на почеток од емисијата..."

- **Во изданието на емисијата од 29 јануари 2016 година** нема подолго задржување на хомосексуалноста, но неколку пати се појавува реферирање на втори февруари – во народот потсмешливо познат како ден на хомосексуалците, односно: Во разговор со Тони Михајловски, кој е еден од гостите во емисијата, се вели дека Петар Арсовски го слави втори февруари. Подоцна во неколку наврати се наведува дека и Љупчо Николовски го слави втори февруари. На крајот од емисијата, во контекст на тоа на кој датум еврокомесарот Јоханес Хан ќе дојде во Македонија, Миленко Неделковски вели (01:24:09 - 01:24:24): „Не знам дали ќе дојде баш на втори февруари Хан, оти неговата најава е дека ќе дојде во февруари. Не знам зошто СДСМ толку се возбуди дека тоа ќе биде на втори февруари", на што Тони Михајловски дофрла: „ќе им го изремети празникот", по што Неделковски, се насмевнува и продолжува: „ха, да, не може да, а баш си имаа слободен ден тогаш и прославата ќе им ја зафркне".

- **Пред почетокот на емисијата од 5 февруари 2016 година** покрај вообичаените огради од ТВ Канал 5 и Томато продукција, се емитува и јавно извинување (на телоп и прочитано) кое гласи:

„Врз основа на добиен Демант и барање за јавно извинување и јавно повлекување на тврдења изнесени од страна на авторот на емисијата „Миленко Неделковски шоу" – Миленко Неделковски, емитувана на Канал 5 Телевизија на ден 22.01.2016 година со почеток во 23.30 часот во врска со сексуалната ориентација на Љупчо Николовски од Крива паланка, КАНАЛ 5 Телевизија од истите се оградува и јавно се извинува доколку со нивното емитување е сторена штета на честа и угледот на Љупчо Николовски од Крива Паланка. Истовремено потсетуваме дека ставовите искажани во таа емисија, која е надворешно продуцирана, не се официјално ставови на КАНАЛ 5 Телевизија. КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје".

- **Во емисијата „Миленко Неделковски шоу" од 12 февруари 2016 година**, емитувани се и следниве сегменти:

Миленко Неделковски (23:35:34-23:38:05):

„...Јас имав една емисија каде што еден дел од емисијата посветив на лагите што привремениот, уште малку му останува, заменик - министер за земјоделство, поттикнат од Ленче Николовска, позната како Ленче на Велија, која никогаш не стана министерка и затоа ја викаат Ленче министерката, објави серија од лаги, мешајќи ја и мојата фамилија, мајка и брат и така натака. Јас, иако имам информации за моралниот светоглед на мајката на Љупчо Николовски како и на начинот на функционирање на татко му и друштвото на татко му, јас тоа нема да го искористам во мојата емисија оти е под нивото на оваа емисија и тоа е на крајот на краиштата нивни фамилијарен проблем за којшто знае цела Крива Паланка и малку пошироко. Меѓутоа јас ќе се осврнам на она за што Љупчо Николовски, преку своите адвокати, бараше извинување односно оградување на Канал 5 од моите изјави. Јас изјавив, а тоа со сигурност го знам, дека Љупчо Николовски е (зборот е покриен со високофреквентен сигнал, н.з.) и како таков јас го опишав и кажав дека во тоа не гледам ништо страшно, тоа е сега една супер модерна работа, поголемиот дел, особено последните амбасадори на Европската Унија се со таков промискуитет, таква сексуална определба и тоа е нивно право, на крајот на краиштата. Па, сакам сега да го потврдам тоа, бидејќи се распрашав кај повеќе луѓе од Крива Паланка и сите тврдат дека човекот има таков светоназор и тоа е негово право. Па уште еднаш, што се однесува до Канал 5, не само Канал 5 туку и Томато продукција, што е веројатно прв и единствен пример во светот, значи Канал 5 е телевизија, Томато не гледам зашто се оградува меѓутоа тоа е нивен проблем, исто така, се оградуваат од моите ставови, и така е тоа се мои ставови не се ставови на Канал 5, не се ставови на Емил Стојменов, не се ставови на Иван Мирчевски, не се ставови на Богатинова, тоа се ставови на Миленко Неделковски и ако имате било што нема потреба да ги плеткате тие луѓе и тие институции. Знаете кој е тука, со мене си имате работа не бегајте од мене".

- пауза за реклами, по што следува:

Миленко Неделковски (23:42:26 – 23:52:17):

„Е сега, околу демантот, или извинувањето, како сакате наречете го, што го даде Канал 5, излегоа бомбастично наслови во соросоидните портали. Ова е Плусинфо вели: Канал 5 му се извини на заменик - министерот Николовски за лагите на Миленко... И има да кажеме Либертас, на Ацо овој кој дува на полноќ, Канал 5 ги призна, ги признал Канал 5, и се извини за лагите на Миленко Неделковски. Меѓутоа, кога ќе го прочиташ извинувањето на Канал 5 ти доаѓа да се смееш од причина што поарно да

не му пишале извинување или пишувајќи му извинување, всушност го дотепале предметот, односно особата која сум ја третирал. Па вика вака: „Јавно извинување врз основа на добиен демант и барање за извинување и јавно повлекување на тврдењата, изнесени од страна на авторот на 'Миленко Неделковски шоу'", значи тврдењата на авторот, што има да бараат телевизијата да ги повлече, тие се мои тврдења, може јас да ги повлечам, „Миленко Неделковски, емитувана на ден 22.01.2016 година со почеток во толку и толку часот, во врска со сексуалната ориентација на Љупчо Николовски од Крива Паланка, Канал 5 Телевизија од истите се оградува", значи од моите „и јавно се извинува", продолжува реченицата, „доколку со нивното емитување е сторена штета на честа и угледот на Љупчо Николовски од Крива Паланка. Истовремено потсетуваме дека ставовите искажани во таа емисија, која е надворешно продуцирана, не се официјални ставови на Канал 5". Значи Канал 5 му се извинува доколку е сторена штета на честа и угледот. Доколку е сторена штета, еве го и тоа може да го видите овдека на Либертас. Сега моето прашање е следно, дилемата со која се соочив кога го видов не е извинувањето на Канал 5. Канал 5 си работи по пропозиции, по Закон, се обидува да избега од што е можно повеќе проблеми, тоа е нивно право, легитимно, меѓутоа насловите, има и повеќе други портали, ова дека „лагите на Миленко" и дека честа била повредена, честа, угледот, во врска со сексуалната ориентација, Канал 5 ги призна, што има да признае, се извини, не се извини, туку вели доколку со нивното емитување е сторена штета. Значи, доколку е сторена штета е точната реченица, а не вика се извинуваме. Сега мене ми е прашање кога во моментиве низ градов има билборди: „И хомофобите се луѓе", кога имам расправии, кога овде сме, тврдам дека, имав минатата година две - три емисии со Цветин Чилиманов кајшто се судривме, кајшто тврдам јас дека (зборот е прекриен со високофреквентен звучен сигнал, н.з.) дека е болест и дека треба да се лечи, дека е болест и ментална и физичка и така некое пореметување. Па не било, било правата нивни загрозени затоа што јас сметам треба да се лечат итн., дека треба тоа со закон да биде ограничено, за да се заштитат па вредностите традиционални на нашата религија православна, на нашиот народ, на нашата црква, и така натаму на нашето живеење и бев подложен на една цела кампања дека сум хомофобичен, дека ги мрзам, и што јас знам и така натаму, и така натаму, а јас всушност направив промоција, еве доколку на пример се случи да СДСМ победи на изборите на 24 април, јас предлагам овој (зборот е прекриен со високофреквентен звучен сигнал, н.з.) од Крива Паланка да биде министер за евроинтеграции оти таму најлесно ќе може да се интегрира и вака и со своето тело, а и можеби умствено доколку му додржува умот и да не промовира, бидејќи сега нели, тоа се као вредности, градоначалникот на Берлин кажа дека е хомосексуалец, не знам колку конгресмени, сенатори, Америка, ова - она, сите кажујат све, и сеа тоа една доблест. Јас сум да кажеме конзервативен, затуцан, не гледам напред, и така натаму, ама сега добро, тоа сум, јас не можам да се менувам сега, меѓутоа еве овие напредниве... сега не гледам зошто, ако е он толку напреден, ако е толку модерен, ако толку оди кон таа иднина, за него светла, за мене ми личи на рикверц иднина, меѓутоа тоа мене едно ми личи, него друго. Ме интересира зошто толку, била повредена суетата, зошто толку Бранко Геровски и Ацо Кабранов тука се запнале да го бранат? Па нели, еднакви можности за сите, нели сите да можеле, да можат и еднополови да стапуваат во брак, нели еден куп имаше таму со малку луѓе навистина релија низ Скопје, па имаше и кај школката во Парк и така натаму. Сега, ги поддржуваат хомосексуалците или да кажеме ЛГБТ заедницата или не? Колку што гледам, ВМРО ДПМНЕ не ги поддржува, си се залагаат за класичните, традиционални вредности. Овие ги поддржуваат. Сега што е ова одеднаш влегуваат во, како се вика, во повлекување? На крајот на краиштата јас не сум видел митинг на ВМРО каде што се вее да кажеме албанско знаме и каде што се вее знаме на ЛГБТ заедницата. Тоа не сум видел. Меѓутоа, сум видел митинг, митинзи на СДСМ каде што се вее знамето на ЛГБТ. Еве овдека е Зоран Заев, до него е Оливер Спасовски, сегашниот привремен технички министер за внатрешни работи и се вее знамето на ЛГБТ заедницата. Што е толку? Зошто да се бара извинување од Канал 5, повлекување на изјавата од Миленко, не знам наслови, Миленко ова – она, кога они јасно си се декларирале вклучително и на своите собири? После тоа имаат свои високи функционери, особено во младинскиот ешалон кои јавно се прокламираат и се сликаат со

еднополови, сексуални, романтични однесувања. Значи, овдека на сликава двајца мажи се бацуваат. А, тоа мене ми е непријатно за гледање. Веројатно и на најголемиот број мои гледачи. Меѓутоа, ете се обидувам да прашам, зошто СДСМ и соросоидите и соросоидните портали одеднаш, ама чекај сега па Љупчо Николовски? Па, тоа би требало да биде доблест. Јас го пофалив во мојата емисија, не му реков лошо правиш, (високофреквентен звучен сигнал, н.з.) арно биди си (високофреквентен звучен сигнал, н.з.) баш ти личи и тебе и на позицијата и на партијата и на иднината твоја. Натаму имам јас и други овија фотографии, кои се, овај, ова е да кажеме претседателот на младинската организација на СДСМ на Скопје, инаку овај, син на Љубомир Данаилов Фрчковски, Јон се вика детето, кој е полнолетен и како полнолетен има право да избере каков задник да фати (оваа фотографија, за разлика од претходните е замаглена, н.з.). Може да фати женски ако сака, тој не избрал женски. Последно дека не се само малите деца така отидени во тој правец, нели во напредниот правец, СДСМ – соросоидниот, кој нели го поддржува, да кажеме, Уранија Пировска како срамота за нејзината претходничка народната хероина по кого таа го носи името. И повозрасните кадри се со сличен, слични задоволства, желби за задоволство, а меѓу нив познатиот Ацо Кабранов, вели: Владе спиеш ли, јас и Зоки дуваме! Не откривме што дуваат, опојно ли нешто, сурла, не откривме што дуваат, не знам, ќе си каже тој. Меѓутоа тој според мене има реално, како што имаше оној култен филм „Полноќен каубоец", Ацо Кабранов за мене е „Полноќен дувач", што крајно на исто место завршува. Тоа е овој делов околу ЛГБТ, хомосексуалниот пристап на СДСМ и на соросоидите, и велам повторно, се чудам, зошто толку се возбудија, па тоа е добро бе, тоа е напредно, па нели и оној Фуере беше таков, со црвените образчиња, онака со, како убаво го цртаат тие од „Еднооки" со оноа балетанско она фустанче. Што сега толку срамотилаци и така натаму?...„

- Следува дел во кој Миленко Неделковски говори за напис на Сашо Ордановски, а потоа, како одговор на првото прашање од Миленко Неделковски: „... Може ли да се надоврземе на сето ова?", неговиот гостин Бобан Нонковиќ вели (23:58:24 – 00:01:01):

„Миленко, класично лицемерие е, партија која отворено се залага за заштита на правата на ЛГБТ групите, која за тие цели, преку сопствените инсталации во невладините организации црпи силни средства од европските фондови, бидејќи за разлика од лани, завршената декада за заштита на правата на Ромите која траеше 2005 – 2015, ние сега имаме почеток на столетие за заштита и промоција на права на ЛГБТИ групите и тоа не е ништо спорно. Јас на пример, четири години сум више таму дописник и покрај тоа што апсолутно го делам твоето мислење за заштита на традиционалните македонски христијански вредности, кои го зачуваа македонското битие и покрај тоа што немаше држава столетија и столетија, токму заради тоа што ја негуваше основната семејна традиција и преку истата се множеше македонскиот народ. Сепак, ги почитувам нивните права, научив во Брисел апсолутно да ги почитувам различностите. Зашто? Затоа што, за жал, ние Македонците сѐ уште се бориме за да се заштитиме себеси како нација, да си го заштитиме јазикот и да го испромовираме бидејќи е силно нападнат од страна на нашите соседи – јастреби. И токму од таа причина јас, иако не ги делам истите мислења и вредности, апсолутно не ги поддржувам, сепак научив да ги почитувам. И ова е класично лицемерие ти што го покажа што го прават овие луѓе, тоа е дека иако веења знамиња официјални на ЛГБТ групата, иако црпат европски фондови, бидејќи ние, ако си заборавил, пред две години ги имавме целата екипа од таканаречениот соросов медиумски, соросовата медиумска фела: Борјани, морјани и таквите слични, вееја ЛГБТ знамиња..."

Миленко Неделковски: „И сестра му на Борјан рече Борјан, изјави: „јас сум лезбејка".

Бобан Нонковиќ:

„Јас се сомневам дека таа е таква по природа. Мислам дека тоа е апсолутно во контекст на извлекување на европските фондови кои се огромни токму во овој дел. И ова е всушност доказ какви лицемери се тие. Мене ако ми кажеш дека сум (високофреквентен звучен сигнал, н.з.) хомосексуалец јас само ќе ти кажам не. Али, нема да барам тешки извинувања, затоа што извини, тоа е чувство, зарем ти треба да ми кажеш мене што сум или било кој на овој свет, ја многу добро знам што сум. Али, ако ги поддржувам тие вредности и ги поддржувам...", Миленко Неделковски додава: „Тоа е промоција..." Нонковиќ продолжува: „промоција и тогаш апсолутно можеби би кажал не, ако не сум, али апсолутно би додал дека тоа се права и дека ги подржувам, сѐ. Они со ова докажаа дека се апсолутно хомофобни и немаат право више во иднина они да бараат било каква заштита или промоција. Тоа е класична злоупотреба и лицемерие...".

***

- Во „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата" на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се посочува дека:

„Форматот за известување за резултатите од мониторингот треба да го следи начинот на кој Европскиот суд за човекови права проценува дали има или нема потреба од ограничување на слободата на изразување во секој поединечен случај. Тоа значи дека релевантните оддели треба да подготват предлог во кој ќе се наведе дека постои "говор на омраза" во медиумите, цитирајќи го не само Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, туку и давајќи објаснување за легитимната цел за таквата одлука и зошто е потребно такво ограничување на слободата на изразување во едно демократско општество"[1]. Ова значи дека, со цел да се утврди дали се исполнети сите услови од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права во Стразбур (ЕСЧП), потребно е да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, има легитимна цел и е неопходно во демократско општество.

- Законски одредби релевантни при оценувањето дали во емисиите „Миленко Неделковски шоу" има хомофобија, дискриминација и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација се:

Од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗААВМУ ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14)

Член 48

Посебни забрани

„Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.

[1] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.28, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf

Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права."

Од Законот за спречување и заштита од дискриминација - ЗСЗД („Службен весник на Република Македонија, бр. 50/10)

Член 3

Основи за дискриминација

„Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа)."

Членот 48 од ЗААВМУ, во првиот став утврдува забрана за поттикнување или ширење „дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност", а потоа, во вториот став прецизира дека „посебните забрани од ставот (1) ... треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права". Во „Листата со факти – прашања во врска со сексуалната ориентација" ("Fact sheet – Sexual orientation issues") од февруари 2016 година на Европскиот суд за човекови права[2] се наведуваат и два случаи со веќе донесени пресуди што се во врска со членот 10 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) кој се однесува на слободата на изразување и гласи:

Член 10

Слобода на изразување

„Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценцирање на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос или кината."

„Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на немири или криминал, за заштита на здравјето или моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството."[3]

Што се однесува до забраната за дискриминација, нејзе и е посветен член 14 од ЕКЧП, кој гласи:

[2] "Fact sheet – Sexual orientation issues", European Court of Human Rights, февруари 2016, стр.11, достапен на: http://www.echr.coe.int/Documents/FS_Sexual_orientation_ENG.pdf

[3] Европска конвенција за човекови права, член 10, достапна на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

Член 14

Забрана на дискриминација

„Уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција, треба да се обезбеди без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус"[4].

Двата случаи со донесена пресуда од „Листата со факти – прашања во врска со сексуалната ориентација" во кои членот 10 е применет во врска со прашањето на сексуална ориентација се следниве:

Првиот случај е ***Вејделанд и други против Шведска (од 9 февруари 2012 година)*** во кој тужителите покренале постапка против Шведска пред Европскиот суд за човекови права тврдејќи дека им било прекршено правото на слобода на изразување (член 10), бидејќи биле осудени затоа што во една гимназија разделиле стотина летоци, во кои се тврдело дека хомосексуалноста е „девијантна сексуална склоност", дека има "морално деструктивни ефекти врз сржта на општеството" и оти е одговорна за ширењето на ХИВ/СИДА. Европскиот суд за човекови права пресудил дека нема прекршување на член 10 од ЕКЧП и оти ограничувањето на слободата на изразување на тужителите од страна на шведскиот суд било неопходно во демократско општество за заштитата на угледот и правата на другите. „Судот особено смета дека изјавите за кои станува збор претставувале сериозни тврдења со предрасуди, дури и ако не биле директен повик на дела од омраза. Тој натаму нагласи дека дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација е исто онолку сериозна колку и дискриминацијата врз основа на раса, потекло или боја"[5].

Вториот случај е ***„Младина" Д.Д. Љубљана против Словенија (од 17 април 2014 година).*** Во овој случај словенечките судови пресудиле дека „Младина" треба да му плати оштета на пратеник во словенечкиот парламент поради тоа што го навредила во текст посветен на парламентарната дебата за правно признавање на истополовите врски. „Младина" до ЕСЧП „особено се жалела на тоа дека националните судови немале волја да ги изложат штетните, хомофобични стереотипи и не земале предвид дека преувеличениот, сатиричен стил на текстот бил реакција на контроверзното однесување на пратеникот".

Судот во Стразбур пресудил дека словенечките судови со својата пресуда против „Младина" го прекршиле членот 10 од Конвенцијата и не успеале да направат рамнотежа меѓу заштитата на угледот или правата на пратеникот и правото на слобода на изразување на издавачот на медиумот. Притоа ЕСЧП посочил дека „границите на прифатливата критика се пошироки кога станува збор за политичар, особено кога тој самиот дал контроверзни изјави во јавноста, отколку кога станува збор за приватни лица. Ниту контекстот во кој бил напишан текстот на издавачот на медиумот (интензивна политичка дебата) ниту употребениот стил (соодветен на провокативните коментари и однесување на пратеникот) не биле доволно земени предвид од националните судови. Текстот, оттаму, не претставувал незаслужен личен напад врз пратеникот, туку одговор на јавните забелешки на самиот пратеник и, особено,

[4] Европска конвенција за човекови права, член 14, достапна на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf
[5] Ибид. стр.12

однесување кое може да се смета за подбивање со хомосексуалците и промовирање негативни стереотипи"[6].

Од пресудите донесени во овие два случаи јасно произлегува дека следејќи ја практиката на Европскиот суд за човекови права (на што упатува став 2 од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), Агенцијата треба забраната за поттикнување или ширење „дискриминација, нетрпеливост или омраза" од став 1 на овој член, освен на основите наведени во членот „раса, пол, религија или националност", да ја применува и за сексуалната ориентација како забранета основа за дискриминација. Имено, Европскиот суд за човекови права ја смета сексуалната ориентација како забранета основа за дискриминација согласно која може да се ограничи слободата на изразување без оглед што не е наведена во член 14 од Европската конвенција за човекови права.

Освен ова, во член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, сексуалната ориентација не е наведена како забранета основа за дискриминација. Сепак, Комисијата за заштита од дискриминација има усвоено и постапува по „Протоколот за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет".[7]

Врз основа на сето ова може да се заклучи дека е исполнет првиот услов од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права, односно - ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон.

За да се утврди понатаму дали ограничувањето на слободата на изразување има легитимна цел и дали е неопходно во демократско општество, во натамошниот дел од извештајов содржината на емисиите „Миленко Неделковски шоу" ќе биде анализирана од аспект на прашањата од упатствата за мониторинг на говорот на омраза од „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата"[8] на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

1. Кој бил контекстот на изразувањето?

Во однос на вкупниот општествено - политички контекст во државата, содржините се емитувани во период кога државата се наоѓа во политичка криза и подготовки за предвремени парламентарни избори оптоварени со тензични преговори меѓу четирите најголеми партии во државата водени со меѓународно посредство. Што се однесува до лезбејките, гејевите, бисексуалците, трансродовите и интерсексуалните луѓе (ЛГБТИ), тие се честопати неповолно третирани и во медиумите и воопшто, за што сведочат и следниве релевантни информации:

На 17 февруари 2016 година, Комисијата за жалби при саморегулаторното тело Совет за етика во медиумите на Македонија донесе Одлука[9] дека е основана жалбата на ЛГБТИ центарот за поддршка,

[6] Ибид.

[7] „Протокол за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет", Комисијата за заштита од дискриминација, ноември 2015 година, достапен на: http://www.kzd.mk/mk/dokumenti?download=221:protokol-za-utvrduvanje-na-postapkata-za-postapuvanje-vo-slucai-na-zastita-od-diskriminacija-vrz-osnova-na-seksualna-orientacija-i-rodov-identitet

[8] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.24-28, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf

[9] Одлука на Комисијата за жалби на Совет за етика во медиумите на Македонија по жалбата „ЛГБТИ Центар за поддршка, ХКЧПРМ, Коалиција СЗПМЗ Vs. puls24.mk " достапна на: http://www.semm.mk/komisija-za-albi/odluki-i-mislenja (пристапено на 26 февруари 2016 година)

Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ и Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници", поднесена за текстот „Уништување на семејните вредности со смислен план", објавен на интернет порталот Пулс24 (www.puls24.mk) на 19 ноември 2015 година.

На 23 февруари 2016 година, на прес-конференција одржана пред Основното јавно обвинителство во Скопје, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" и ЛГБТИ центарот за поддршка ја промовираа платформата „Пријави насилство" (www.prijavinasilstvo.mk), како „протестен гест поради неколкугодишното игнорирање на случаите на насилство врз ЛГБТИ луѓето и активистите". Онлајн платформата за пријавување насилство е промовирана „затоа што очигледно во нашата држава институциите на системот потфрлаат во заштита на основните човекови права на оваа група луѓе. Јавното обвинителство „води" истрага повеќе од 3 години за сторители снимени на камери, полицијата молчи, политичките елити шират хомофобија, а насилниците во таков контекст станувaат локални херои"[10].

2. Кое е лицето одговорно за изразувањето?

Станува збор за личност која е лесно препознатлива во јавноста и повеќе години автор на сопствена актуелно-информативна емисија, во која најчесто има еден или повеќемина гости, вклучувајќи и високи претставници на власта. Емисијата е снимена (од Томато продукција) и премиерно се емитува на ТВ Канал 5 - телевизиски програмски сервис на државно ниво кој емитува програма преку дигитален терестријален мултиплекс, а се емитува и на ТВ Канал 5 Плус телевизиски програмски сервис на државно ниво кој емитува програма преку сателит.

Како што посочува „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата" согласно едно од начелата на Препорака бр. R (97) 20 во врска со „говор на омраза"[11]: „Една од најважните разлики кои треба јасно да бидат изразени во националното право и пракса со цел *да се направи јасна разлика меѓу одговорноста на авторот на изразите на говор на омраза*, од една страна, *и некаква одговорност на медиумите и медиумските експерти кои придонесуваат за ширење на истите* како дел од нивната мисија да пренесуваат информации и идеи за прашања од јавен интерес, од друга страна."[12]

Во својата пракса, Европскиот суд за човекови права секогаш сметал дека е недозволиво новинарите и медиумите да бидат извор на говор на омраза, јасно видливо од случајот ***Сурек против Турција***.[13]

3. Дали постоела намера за провоцирање на говор на омраза?

„Артикл 19 ја дефинира намерата како "Волност (volition) (намерно настојување) да се заговара омраза, ...насочена кон заштитена група врз база на недозволени основи, а притоа да се биде свесен за

[10] „Промовирана онлајн платформата 'Пријави насилство'", достапно на: http://coalition.org.mk/promovirana-onlajn-platformata-prijavi-nasilstvo/ (пристапено на 26 февруари 2016 година)
[11] Препорака No. R (97) 20 во врска со „говор на омраза" усвоена од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа на 30 октомври 1997 г., достапна на: http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1734%3A-r97-20-g&catid=50%3Aevropska-legislativa-cat&Itemid=339&lang=mk
[12] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.8, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf
[13] "Manual on hate speech", Anne Weber, Council of Europe, септември 2009, стр. 38, достапен на: http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/hrpolicy/publications/hate_speech_en.pdf

последиците од своите постапки и знаејќи дека последиците ќе се случат или може да се случат во вообичаениот тек на настаните.[14]"

Европскиот суд за човекови права утврдува дали имало намера врз основа на процената за случајот и неговите околности како целина, особено преку специфичниот јазик: експлицитни зборови и изрази кои се користат, тонот на говорот и околностите; потоа степенот и бројот на повторувања на дискриминаторскиот говор; како и дали говорникот можел да го предвиди веројатното влијание од она што го кажал, дали цел му била одредена малцинска група и дали намерата била јасна и недвосмислена за публиката.

Ставовите што ги изнесува Миленко Неделковски во неколку последователни изданија на неговата емисијата „Миленко Неделковски шоу" емитувани на Канал 5 Телевизија, во еден дел претставуваат јасни случаи на дискриминација врз основа на сексуална ориентација, а во некои постои обид тие да се затскријат зад навидум разумни и нормални зборови.

Во „Протоколот за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет", на Комисијата за заштита од дискриминација, хомофобијата се дефинира како „ирационален или општествено конструиран страв, омраза, предрасуда и дискриминација кон луѓето со хомосексуална и бисексуална ориентација и сите оние за кои воопшто се претпоставува дека се геjеви, лезбејки или бисексуалци. Лицата кои се најсилно хомофобични хомосексуалноста ја сметаат за грешна и болна, а кон хомосексуалците чувствуваат омраза, гадење и неретко желба за убиство. Конкретни акции на насилство врз хомосексуалците се многу чест исход на хомофобијата."[15]

Меѓу ставовите искажани од Миленко Неделковски, кои отворено претставуваат форма на хомофобија спаѓаат следниве:

- „и јас би... немам пари да закупам меѓутоа би нарекол: „И хомосексуалците се болни луѓе". Меѓутоа тоа е... и сметам дека треба да има медицинска нега." („Миленко Неделковски шоу", издание од 15 јануари 2016 година);

- „Нему ќе му ставам розево вакво (фотографија на Љупчо Николовски закачува со розова игличка, н.з.) затоа што во Крива Паланка тврдат дека се работи за хомосексуалец. Тоа на македонски се вика педер." („Миленко Неделковски шоу", издание од 15 јануари 2016 година);

- Инаку мислам дека не лажам, барем луѓето ме убедуваат дека не лажам, меѓутоа ако тужат јас ќе се појавам на суд и прво ќе барам експертиза, односно вештачење на (високофреквентен звучен сигнал, н.з.) на Љупчо Николовски, за да утврдиме, ако сум грешка, ќе се извинам, ќе си платам, ако не сум грешка целата македонска јавност ќе биде известена за тоа каква му е ситуацијата со задникот, тоа е вака на почеток од емисијата..." („Миленко Неделковски шоу", издание од 22 јануари 2016 година);

[14] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.26, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf

[15] „Протокол за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет", Комисијата за заштита од дискриминација, ноември 2015 година, достапен на: http://www.kzd.mk/mk/dokumenti?download=221:protokol-za-utvrduvanje-na-postapkata-za-postapuvanje-vo-slucai-na-zastita-od-diskriminacija-vrz-osnova-na-seksualna-orientacija-i-rodov-identitet

- „имав минатата година две - три емисии со Цветин Чилиманов кај што се судривме, кајшто тврдам јас дека (зборот е прекриен со високофреквентен звучен сигнал, н.з.) дека е болест и дека треба да се лечи, дека е болест и ментална и физичка и така некое пореметување. Па не било, било правата нивни загрозени затоа што јас сметам треба да се лечат итн., дека треба тоа со закон да биде ограничено, за да се заштитат па вредностите традиционални на нашата религија православна, на нашиот народ, на нашата црква, и така натаму на нашето живеење." („Миленко Неделковски шоу", издание од 12 февруари 2016 година);

- „Зошто да се бара извинување од Канал 5, повлекување на изјавата од Миленко, не знам наслови, Миленко ова – она, кога они јасно си се декларирале вклучително и на своите собири? После тоа имаат свои високи функционери, особено во младинскиот ешалон кои јавно се прокламираат и се сликаат со еднополови, сексуални, романтични однесувања. Значи, овдека на сликава двајца мажи се бацуваат. А, тоа мене ми е непријатно за гледање. Веројатно и на најголемиот број мои гледачи. Меѓутоа, ете се обидувам да прашам, зошто СДСМ и соросоидите и соросоидните портали одеднаш, ама чекај сега па Љупчо Николовски? Па, тоа би требало да биде доблест. Јас го пофалив во мојата емисија, не му реков лошо правиш, (високофреквентен звучен сигнал, н.з.) арно биди си (високофреквентен звучен сигнал, н.з.) баш ти личи и тебе и на позицијата и на партијата и на иднината твоја. Натаму имам јас и други овија фотографии, кои се, овај, ова е да кажеме претседателот на младинската организација на СДСМ на Скопје, инаку овја син на Љубомир Данаилов Фрчковски, Јон се вика детето, кој е полнолетен и како полнолетен има право да избере каков задник да фати (оваа фотографија, за разлика од претходните е замаглена, н.з.). Може да фати женски ако сака, тој не избрал женски. Последно дека не се само малите деца така отидени во тој правец, нели во напредниот правец, СДСМ – соросоидниот, кој нели го поддржува, да кажеме, Уранија Пировска како срамота за нејзината претходничка народната хероина по кого таа го носи името. И повозрасните кадри се со сличен, слични задоволства, желби за задоволство, а меѓу нив познатиот Ацо Кабранов, вели: Владе спиеш ли, јас и Зоки дуваме! Не откривме што дуваат, опојно ли нешто, сурла, не откривме што дуваат, не знам, ќе си каже тој. Меѓутоа тој според мене има реално, како што имаше оној култен филм „Полноќен каубоец" Ацо Кабранов за мене е „Полноќен дувач", што крајно на исто место завршува." („Миленко Неделковски шоу", издание од 12 февруари 2016 година);

Едната од тезите во овие изјави е дека хомосексуалноста е ментална и физичка болест, пореметување, дека треба да се лечи, дека треба да се ограничи со закон и дека може да биде основа да се побара вештачење на кој било дел од телото на која било личност, што е експлицитна форма на хомофобија и говор на омраза.

Дека тврдењето оти хомосексуалноста е болест и пореметување укажува на ирационален страв и омраза, јасно се покажува со фактот што на 17-ти мај 1990 хомосексуалноста е симната од листата на болести на Светската здравствена организација.

Освен ова, дека ваквото тврдење е израз на хомофобија јасно покажува и македонската судска пракса - конкретно случајот на авторките на учебникот „Педагогија" за трета година д-р Марија Костова, д-р Анета Баракоска и м-р Ели Маказлиева, против колумнистката Ирена Цветковиќ (од 2011 година)[16]. Трите авторки, во учебникот по „Педагогија" ги опишале хомосексуалноста и лезбејството како „негативни појави на сексуалниот живот", а „учесниците на таков изопачен, неприроден и, што би рекле ненормален сексуален живот" како „личности со психички потешкотии и пречки". Г-ѓа Цветковиќ, јавно го

[16] „Хомосексуалците не се невротични", објавено во „Вест" од 19 јули 2011 и „Извештај за сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници во Република Македонија", http://xa.yimg.com/kq/groups/23471982/269959960/name/Analiza+finalna+verzija.pdf

критикуваше учебникот во своите колумни објавени во „Дневник" и на порталот „Окно", образложувајќи дека е хомофобичен и дискриминаторски и бараше тој да биде повлечен од употреба. Поради ова, авторките на учебникот покренаа тужба за клевета против Г-ѓа Цветковиќ. Случајот заврши со пресуда на Основниот суд Скопје 1 со која г-ѓа Цветковиќ беше ослободена од гонење за клевета. По пресудата, Комисијата за заштита од дискриминација (со решение од 21 јули 2011 година, чие спроведување е задолжително) побара од Националната комисија за учебници да се смени страницата од учебникот „Педагогија" за трета година, на која хомосексуалноста беше опишана како девијантна појава и хомосексуалците како болни, бидејќи „го повредува достоинството на група луѓе, предизвикува вознемирување и чувство на пониженост и е дискриминаторска".

Другата теза е дека хомосексуалноста е спротивна на „вредностите традиционални на нашата религија православна, на нашиот народ, на нашата црква, и така натаму на нашето живеење", дека да се биде или да се поддржуваат хомосексуалците е срамота и е спротивно на „традиционалните вредности".

Дека ваквиот став претставува дискриминација покажува Препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри до земјите - членки во врска со мерките за борба против дискриминација по основа на сексуална ориентација или родов идентитет, во која Советот на Европа јасно посочува на принципот согласно кој: „...ниту културни, традиционални или религиозни вредности ниту правилата на „доминантната култура" можат да се користат како оправдување за говор на омраза или каква било друга форма на дискриминација, вклучително и по основ на сексуална ориентација или родов идентитет"[17].

Употребата на зборот „педер" наместо хомосексуалец и обидот тоа да се претстави како „македонскиот збор" за мажите кои сексуално ги привлекуваат други мажи, исто така претставува дискриминација и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација зашто тоа е обид еден жаргонски израз, кој во ваков контекст се употребува со исклучително погрдно значење, да се претстави како правилен начин на обраќање и така да се нормализира неговата употреба.

„'Говорот на омраза' може да биде затскриен во изјави кои на прв поглед може да се чинат оти се разумни или нормални. Сепак, можно е да се издвојат од применливите текстови по ова прашање и од принципите што ги има во прецедентното право на Европскиот суд за човекови права или на други тела"[18] кои изјави претставуваат хомофобија и говор на омраза, а кои, иако се навредливи и шокантни, потпаѓаат под правото на слобода на изразување. Дел од изјавите на Миленко Неделковски се сокриени зад навидум нормален и разумен речник со употреба на зборовите: „промоција", „нормално", „напредно" дека е израз на „европските вредности" и слично. На пример:

- „Нема потреба Мики мене да ми се јавува и воопшто за ова што сум, имам сознанија од Крива Паланка дека се работи за хомосексуалец, од причина што тоа не е ништо срамно. Европските вредности кои ги гледаме, кои ги промовираат, се дека еднополовите бракови се нормални, посвојувањето на деца од еднополови двојки се исто така нормални. Последните два, а, како се вика, амбасадори на Европската Унија во Македонија се со таков промискуитет, за нас овдека чуден, меѓутоа тоа е нивен избор...Во секој случај значи, Мики Вујиќ нема потреба да ми се јавуе, нема потреба од

[17] Препорака CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри до земјите-членки во врска со мерките за борба против дискриминација по основа на сексуална ориентација или родов идентитет, Совет на Европа, достапна на: http://avmu.org.mk/images/stories/doc/preporaka.doc

[18] "Manual on hate speech", Anne Weber, Council of Europe, септември 2009, стр. 5, достапен на: http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/hrpolicy/publications/hate_speech_en.pdf

тужби, ако сакаат нека тужат, бидејќи следејќи ги европските вредности Љупчо Николовски треба да е горд што е хомосексуалец, оти ете напред... понапред е од сите нас." („Миленко Неделковски шоу", издание од 15 јануари 2016 година);

- „Јас мислев дека не го навредив, јас баш се израдував што, ете, човекот е хомосексуалец, така кажуваат барем од Крива Паланка, а тоа е добро, нашите евро-атлански интеграции подразбираат што помалку хомофобии, а што повеќе хомосексуалци, па така ќе ни е полесен патот. Па, еве он го тој пат пробива." („Миленко Неделковски шоу", издание од 22 јануари 2016 година);

- „Јас изјавив, а тоа со сигурност го знам дека Љупчо Николовски е (зборот е покриен со високофреквентен сигнал, н.з.) и како таков јас го опишав и кажав дека во тоа не гледам ништо страшно, тоа е сега една супер модерна работа, поголемиот дел, особено последните амбасадори на Европската Унија се со таков промискуитет, таква сексуална определба и тоа е нивно право, на крајот на краиштата. Па сакам сега да го потврдам тоа, бидејќи се распрашав кај повеќе луѓе од Крива Паланка и сите тврдат дека човекот има таков светоназор и тоа е негово право". („Миленко Неделковски шоу", издание од 12 февруари 2016 година);

- „...бев подложен на една цела кампања дека сум хомофобичен, дека ги мрзам, и што јас знам и така натаму, и така натаму, а јас всушност направив промоција, еве доколку на пример се случи да СДСМ победи на изборите на 24 април, јас предлагам овој (зборот е прекриен со високофреквентен звучен сигнал, н.з.) од Крива Паланка да биде министер за евроинтеграции оти таму најлесно ќе може да се интегрира и вака и со своето тело, а и можеби умствено доколку му додржува умот и да не промовира, бидејќи сега нели, тоа се као вредности, градоначалникот на Берлин кажа дека е хомосексуалец, не знам колку конгресмени, сенатори, Америка, ова она, сите кажујат све, и сеа тоа една доблест. Јас сум да кажеме конзервативен, затуцан, не гледам напред, и така натаму, ама сега добро, тоа сум, јас не можам да се менувам сега, меѓутоа еве овие напредниве..." („Миленко Неделковски шоу", издание од 12 февруари 2016 година);

- „Тоа е овој делов околу ЛГБТ, хомосексуалниот пристап на СДСМ и на соросоидите, и велам повторно, се чудам, зошто толку се возбудија, па тоа е добро бе, тоа е напредно, па нели и оној Фуере беше таков, со црвените обравчиња, онака со, како убаво го цртаат тие од „Еднооки" со оноа балетанско она фустанче. Што сега толку срамотилаци и така натаму?..." („Миленко Неделковски шоу", издание од 12 февруари 2016 година);

При утврдувањето дали одредени медиумски содржини се форми на изразување кои се во рамките на правото на слобода на изразување или станува збор за говор на омраза, како што посочува „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата" согласно Препорака бр. R (97) 20 во врска со „говор на омраза"[19] треба да се имаат предвид, „меѓу другото, начинот, содржината, контекстот и целта на известувањето". Сите овие изјави, кога се гледаат во целовитоста на контекстот на она што - на тема хомосексуалност - се говори во неколку последователни изданија на Миленко Неделковски шоу" (како што е посочено со цитатите од почетокот на извештајот) очигледно е дека тие се потсмешливи, имаат за цел да се стави хомосексуалноста во погрден контекст и да се шират негативни стереотипи за хомосексуалноста. Притоа, Миленко Неделковски може да го предвиди своето влијание врз публиката што јасно го посочува и со зборовите: „Значи, овдека на сликава двајца мажи се бацуваат. А, тоа мене ми е непријатно за гледање. Веројатно и на најголемиот број мои гледачи."

[19] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.8, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf

Во поглед на намерата што сака да ја постигне Миленко Неделковски, важно е да се разгледаат следниве аспекти од тврдењата за сексуалната ориентација на Љупчо Николовски, дополнителниот заменик - министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, потоа на ,како што вели: „Последните два, а, како се вика, амбасадори на Европската Унија во Македонија" кои според него „се со таков промискуитет, за нас овдека чуден, меѓутоа тоа е нивен избор", посочувајќи посебно „па нели и оној Фуере беше таков, со црвените образчиња, онака со, како убаво го цртаат тие од „Еднооки" со оноа балетанско она фустанче".

Како што се посочува во случајот ***„Младина" Д.Д. Љубљана против Словенсија*** опишан погоре, Европскиот суд за човекови права јасно посочува дека пратеникот кој бил критикуван од „Младина" требало да прифати поголеми критики отколку некој друг граѓанин бидејќи новинарскиот текст бил „одговор на јавните забелешки на самиот пратеник и, особено, однесување кое може да се смета за подбивање со хомосексуалците и промовирање негативни стереотипи".

Како што е прецизно наведено во Декларација за слобода на политичката дебата во медиумите: „Политичките фигури одлучиле да ја побараат довербата на јавноста и прифатиле да бидат подложени на јавна политичка дебата, а со тоа и на близок надзор од јавноста и, потенцијално на големи и силни јавни критики преку медиумите **во однос на начинот на кој ги извршуваат своите функции**. Исто така, во Декларацијата се наведува дека „приватниот живот и семејниот живот на политичките фигури ... треба да бидат заштитени во однос на медиумското известување според член 8 од Конвенцијата. Сепак, **информациите во врска со нивниот приватен живот** може да бидат дисеминирани кога станува збор **за директна јавна загриженост за начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции**, притоа земајќи ја предвид потребата од избегнување на непотребна повреда на трети страни. **Кога политичките фигури...го свртуваат вниманието на јавноста кон делови од нивниот приватен живот, медиумите имаат право таквите делови да ги изложат на надзор**."

Во случајот на изјавите на Миленко Неделковски треба да се има предвид дека тие не се одговор на изјави на ниту еден од посочените функционери за чија било сексуална ориентација, ниту пак е тоа релевантно за начинот на кој ја извршуваат својата функција. Оттаму, а имајќи го предвид експлицитниот негативен, хомофобен, потсмешлив и погрден став на Миленко Неделковски, ваквите изјави покажуваат намера за пресметка со личностите кои тој ги доживува за свои политички неистомисленици („последните два" евроамбасадори, експлицитно амбасадорот Фуере, заменик-министерот Љупчо Николовски, партијата СДСМ, новинарите и медиумите со чии ставови тој не се согласува, но и пошироко, бранителите на човекови права како Уранија Пировска од Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ итн.) преку подбивање со хомосексуалците и промовирање негативни стереотипи.

4. Што е содржината на изразувањето?

Овој дел од процената се однесува на тоа дали имало директно поттикнување на публиката да делува насилно, која е целна група на поттикнувањето, а која е целната група на дискриминацијата дали пораката има јасни референци на целната група, со каков тон се говори дали обраќањето е директно и провокативно, односно дали новинарот сакал да го претстави "говорот на омраза" како феномен или ширел говор на омраза?

Во изјавите на Миленко Неделковски нема директно и недвосмислено поттикнување на публиката да делува насилно, но тоа треба да се гледа во контекст на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Вејделанд и други против Шведска каде се заклучува дека: „Судот особено

смета дека изјавите за кои станува збор претставувале сериозни тврдења со предрасуди, дури и ако не биле директен повик на дела од омраза".

Целна група кон која се обраќа е неговата публика за која очекува дека е православна и ги дели неговите сфаќања за традиционалните вредности. Потенцијалните жртви на неговиот дискриминаторски говор се јасно наведени – ЛГБТ луѓето, при што користи специфични негативни референци за „Другата" група – педери, болест, пореметување и сл. Тонот е потсмешлив и погрден, провокативен и директен, односно тој директно шири хомофобија и со тоа говор на омраза кон луѓето со нехетеросексуална определба.

5. Кои биле степенот и опсегот на изразувањето?

Со оглед на фактот дека емисијата се емитува на телевизиски програмски сервиси на државно ниво - Канал 5 Телевизија и ТВ Канал 5 Плус, искажаните ставови се наменети за најшироката јавност, а со фактот што се искажани во неколку последователни изданија на однапред снимена актуелно – информативна програма дополнително се потврдува намерата да се искористи моќта на влијанието на телевизијата за да се шири хомофобен говор на омраза.

ТВ Канал 5, пред секое издание на емисијата се оградува од ставовите изнесени во неа. сепак, со тоа Телевизијата не ја намалува својата уредничка одговорност, која е јасно дефинирана во член 3 став 1 точка 26 од ЗААВМУ: „Уредничка одговорност во аудио или аудиовизуелна медиумска услуга значи одлучувачка контрола врз изборот на програмите и врз нивното организирање во хронолошкиот редослед на програмите (програмска шема), во случај на телевизиско или на радио емитување (линеарни услуги)...". ТВ Канал 5 емитува и јавно извинување пред почетокот на емисијата од 5 февруари 2016 година, но не го емитува демантот во оригинал, иако во јавното извинување наведува дека бил добиен и демант, а согласно Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14) одговорот и исправката се објавуваат без измени и дополнувања (членови 16 и 25).

Освен ова, во првото наредно издание на емисијата, Миленко Неделковски го анализира јавното извинување на ТВ Канал 5 при што, меѓу другото вели: „Е сега, околу демантот, или извинувањето, како сакате наречете го, ... Канал 5 ги призна, ги признал Канал 5, и се извини за лагите на Миленко Неделковски. Меѓутоа, кога ќе го прочиташ извинувањето на Канал 5 ти доаѓа да се смееш од причина што поарно да не му пишале извинување или пишувајќи му извинување, всушност го дотепале предметот, односно особата која сум ја третирал. Значи Канал 5 му се извинува доколку е сторена штета на честа и угледот. Доколку е сторена штета, еве го и тоа може да го видите овдека на Либертас. Сега моето прашање е следно, дилемата со која се соочив кога го видов не е извинувањето на Канал 5. Канал 5 си работи по пропозиции, по Закон, се обидува да избега од што е можно повеќе проблеми, тоа е нивно право, легитимно, меѓутоа насловите, има и повеќе други портали, ова дека „лагите на Миленко" и дека честа била повредена, честа, угледот, во врска со сексуалната ориентација, Канал 5 ги призна, што има да признае, се извини, не се извини, туку вели доколку со нивното емитување е сторена штета. Значи, доколку е сторена штета е точната реченица, а не вика се извинуваме." На ваков начин Миленко Неделковски ефективно го анулира јавното извинување од ТВ Канал 5, особено што во наредната емисија (од 19 февруари 2016 година) Телевизијата не прави ниту обид да се спротистави на тврдењето на Миленко Неделковски, дека извинувањето било само од формален тип, со цел да се исполни законска обврска.

Во овој контекст важно е да се потсети дека „Факт кој Судот [ЕСЧП] сериозно го зема предвид е дали „говорот на омраза" е кажан во текот на програма во живо. Судот особено разгледува дали авторот

имал шанса да го коригира јазикот што го употребил"[20]. Сите анализирани изданија на „Миленко Неделковски шоу" се однапред снимени и во нив на неколку места се користи високофреквентен тон за да се покријат некои од зборовите, но притоа во ниеден момент нема сомнеж за што и на каков начин се зборува (како што е видливо од цитатите од емисиите). Овие податоци јасно покажуваат уредничка одлука на авторот да ги каже токму овие хомофобични ставови и да шири негативни стереотипи за хомосексуалноста, односно свесна намера, во повеќе последователни прилики, до публиката да се пренесе говор на омраза против ЛГБТИ луѓето. Тоа што емисиите се однапред снимени значи дека и ТВ Канал 5 можела уреднички да интервенира во содржината - бидејќи законски ја носи крајната уредничка одговорност за нивното емитување - но тоа не го сторила.

6. Која била веројатноста од влијаење врз публиката и нејзините идни дејствија?

Овој дел од процената се однесува на тоа дали говорителот можел да влијае врз публиката, дали тоа што го кажал било разбрано како повик за дискриминаторски, насилни или непријателски дела, дали публиката имала средства да ја изврши заговараната активност, како и дали целната група неодамна претрпела, или била цел на дискриминација, насилство или непријателство?

Како што веќе наведовме, Миленко Неделковски во неговата емисија не ја повикува директно и недвосмислено публиката да делува насилно, но користи експлицитен и имплицитен говор на омраза врз основа на сексуална ориентација. Имајќи предвид дека хомофобниот говор се повторува од емисија во емисија и тоа на медиуми на државно ниво, тој несомнено може да влијае на публиката и таа да врши дискриминација врз основа на сексуална ориентација. Во поглед на постоењето дискриминација кон ЛГБТИ лицата – тоа е посочено во одговорот на првото прашање – за контекстот на изразувањето.

***

Имајќи ги предвид сите наоди од оваа анализа се констатира дека **ТВ Канал 5**, со изјавите и ставовите искажани од страна на Миленко Неделковски во изданијата на неговата емисија „Миленко Неделковски шоу" емитувани на 15, 22, 29 јануари, 5 и 12 февруари 2016 година, поттикнува и шири дискриминација, нетрпеливост и омраза врз основа на сексуална ориентација со што **го прекрши член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.** Со оваа анализа е покажано дека сексуалната ориентација како забранета основа за дискриминација е пропишана со закон, согласно насоката од член 48 став 2 да се следи практиката (прецедентното право) на Европскиот суд за човекови права и согласно постапувањето на Комисијата за заштита од дискриминација во поглед на толкувањето на сексуалната ориентација како забранета основа за дискриминација согласно член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и Протоколот за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Исто така, анализата недвосмислено покажува дека ограничувањето на слободата за ваков вид изразување има легитимна цел и е неопходно во демократско општество поради тоа што како телевизија на државно ниво, во неколку по ред последователни емисии кои се однапред снимени, ТВ Канал 5 носи уредничка одлука да му овозможи на авторот на емисијата да биде извор на хомофобија и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација.

[20] „Водич за мониторинг на 'говорот на омраза'", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2014, стр.15, достапен на: http://www.avmu.mk/images/Vodic_za_monitoring_na_govorot_na_omraza.pdf

## 8. Предлог:

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, дека со изјавите и ставовите искажани од страна на Миленко Неделковски во изданијата на неговата емисија „Миленко Неделковски шоу" емитувани на 15, 22, 29 јануари, 5 и 12 февруари 2016 година, поттикнува и шири дискриминација, нетрпеливост и омраза врз основа на сексуална ориентација со што го прекрши член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Прекршувањето се однесува на тоа што во неколку по ред последователни емисии кои се однапред снимени, телевизискиот програмски сервис на државно ниво ТВ Канал 5 носи уредничка одлука да му овозможи на авторот на емисијата да биде извор на хомофобија и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација.

Освен ова, имајќи предвид дека во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не е предвидена мерка за прекршување на член 48, согласно Методологијата за вршење програмски надзор, директорот на Агенцијата снимките од емисиите и Писмениот извештај од извршен програмски надзор да ги достави до Комисијата за заштита од дискриминација за нејзино натамошно постапување.

***Сектор за програмски работи***